На основа на одредбите од член 13 став 5 точка (3) од Законот за ветеринарно здравство"Сл. Весник на РМ" бр.113/07 и согласно член 22 од Статут на Ветеринарната Комора на Република Македонија 14-то Годишно Собрание на Комората на седница одржана на ден 27.11.2009 год. го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# За
## Контрола и следење на работата на Докторите по ветеринарна медицина

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1.

Со овој правилник се уредува начинот на организирање и спроведување на надзорот на работата на докторите по ветеринарна медицина во ветеринарните друштва, трговските друштва кои обавуваат ветеринарна дејност , како и докторите по ветеринарна медицина кои работат во ветеринарни веледрогерии и други сродни организации.

### Член 2.

Надзорот врз работата на ДВМ се обавува со цел :

- надгледување на работата на ДВМ при примена на признатите методи и достигнувања во ветеринарната медицина;
- надгледување на применат на етичките и деонтолошките принципи;
- контрола и следење на работата на ДВМ ;
- подобрување на квалитетот на давање на ветеринарни услуги и работа на ДВМ со превземање на соодветни мерки на основа на обавениот надзор како и советување за нивна примена.
- унапредување на општествениот статус како и личниот дигнитет и социјалната положбата на ДВМ во државата.

### Член 3.

Надзорот на ДВМ се спроведува спрема Кодексот на добра ветеринарна пракса усвоен од Ветеринарна Комора на Македонија, а усогласен со кодексот од Европската Федерација на Ветеринари( ФВЕ).

## 2. КОМИСИЈА ЗА НАДЗОР

**Член 4.**

Комисијата за стручен надзор е составена од 5 членови на Стручниот одбор на ВКМ.

Членовите на комисијата за стручен надзор ги избира Извршниот одбор на ВКМ со времетраење до истекот на мандатот на стручниот одбор.

За спроведување на надзорот комисијата одредува по тројца членови од својот состав за секој предмет на надзор поединечно, од кој најмалку еден член на составот е претставник на Управата за ветеринарство.

Претседателот на Комората може да именува членови на комисијата за стручен надзор ако има вонреден надзор за секој поединечен случај.

Ако помеѓу членовите на комисијата се појави судир на интереси во постапката по која одлучуваат согласно законот за парнична постапка , претседателот може да именува други членови за секој случај поединечно.

**Член 5.**

ДВМ-член на комисијата за надзор мора да ги исполнува следните услови:

- мора да биде член на Комората .
- за вршење на надзор од полето на ветеринарната пракса мора да има најмалку 5 год. работно искуство од обласста на ветеринарната пракса.

## 3. ВИДОВИ НА НАДЗОР

## Редовен надзор

**Член 6.**

Редовниот надзор се врши најмалку еднаш на три години врз основа на годишен план и програм.
Годишниот план го носи Извршниот одбор на Комората најкасно до 31 декември за следната година на предлог на претседателот на Комората.

**Член 7.**

Како додаток на годишниот план Извршниот одбор усвојува прашалник како и останати обрасци кои ќе се користат од страна на комисијата за стручен надзор за време на надзорот.
ДВМ од членот 1 на овој правилник над чија што работа се спроведува надзорот е должен да го пополни прашалникот, да ги даде на увид сите документи потребни за извршување на надзорот и да даде одговор на сите поставени прашања.

## Вонреден надзор

**Член 8.**

Вонредниот стручен надзор е надзор кој комисијата го спроведува вон годишниот план,а особено во случаи кога тоа го налагаат условите при појава на епидемии, загрозување на животот на животните и луѓето при давањето на ветеринарни услуги или ако за тоа се укаже потреба.

Освен во овие случаеви, комисијата ќе обавува вонреден надзор и во случаи по барање на Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство, Управата за Ветеринарство, или и  по добиени писмени поплаки од странките.

Оправданоста на барањето за спроведување на надзорот го оценуваат претседателот на Комората заедно со претседателот на Стручниот одбор.

### 4. ПОСТАПКА НА НАДЗОРОТ

## Налог за спроведување на надзорот

**Член 9.**

Согласно годишниот план за обавување на годишниот надзор, претседателот на Стручниот одбор издава налог за спроведување на  секој поединечен надзор.

Претседателот на Комората  издава налог за спроведување на вонредниот надзор врз основа на одобрено барање за вонреден надзор.

**Член 10.**

Налогот за спроведување на надзорот содржи податоци за ДВМ од член 1 на овој правилник над чија што работа се извршува надзорот, членовите на комисијата, местото и времето на спроведување на надзорот како и други податоци важни за спроведување на надзорот.

**Член 11.**

Налогот за редовен надзор се доставува најкасно 8 дена пред извршување на надзорот и тоа на членовите на Комисијата за стручен надзор како и на ДВМ од член 1 кој е предмет на надзорот .

ДВМ од ставот 1 на овој член должен е во рок од 24 часа по примање на налогот да го извести секретарот на Комората за неможноста за спроведување на надзорот од објективни причини.

Оправданоста на објективните причини од ставот 2 на овој член ги оценува претседателот на Комората и претседателот на Стручниот одбор.

Во случај на оправданост на причините за одлагање претседателот на Стручниот одбор со нов налог одредува време на спроведување на надзорот во рок кој не може да биде подолг од 3 месеци од денот на закажаниот надзор.

Во случај на злоупотреба на одлагањето на редовниот надзор од став 2 на овој член ке се покрене дисциплинска постапка пред надлежното тело на Комората.

Одбивање на активно или пасивно учество во спроведување на надзорот претставува потешка повреда на обврските на членот на Комората и против него ке се покрене дисциплинска постапка.

Во случај на спречување и оневозможување во спроведувањето на надзорот соодветно ќе се применува ставот 6 од овој член.

**Член 12.**

Во случај на вонреден надзор налогот мора да се врачи најкасно на денот на вршење на надзорот.
Вонредниот надзор е неодложен.

Одредбите од член 10. на овој правилник на соодветен начин се применуваат и на спроведување на вонредниот стручен надзор.

**Член 13.**

Со налог од членовите 11 и 12 на овој правилник се доставува и прашалник кој ДВМ од член 1 на овој правилник е должен да го пополни и предаде на членовите на комисијата за стручен надзор најкасно на денот на отпочнување на редовниот надзор.
Во случај на вонреден надзор ДВМ од членот 1. на овој правилник должен е да го пополни прашалникот согласно рокот кој ќе му го одреди комисијата.

## Одвивање на надзорот

**Член 14.**

Надзорот опфаќа:

- проверување на податоците од прашалникот;
- проверување на валидноста на лиценцата за работа согласно Законот за ветеринарно здравство и Статутот на ВКМ;
- проверка на почитување на законските одредби при работењето;
- проверка на почитување на одредбите од Кодексот на ветеринарната етика и деонтологија;
- составување на записник за извршениот надзор;
- давање на мислење на основа на утврдената ситуација на лице место;
- превземање на одредени мерки на основа на спроведениот надзор;
- советување во смисла на член 18 од овој Правилник.

ДВМ кој е предмет на стручен надзорот е должен на комисијата за стручен надзор да и ги овозможи сите неопходни услови за непречено вршење на надзорот и преглед на документацијата.

**Член 15.**

Податоците за кои Комисијата ќе дознае за време на надзорот вклучувајќи и судски постапки врзани за работењето на ДВМ се сметаат за службена тајна.

**Член 16.**

Комисијата е должна надзорот да го спроведе во најкус можен рок.

## Записник

### Член 17.

По спроведениот стручен надзор комисијата составува записник за извршениот надзор кој најмалку содржи:

- правна основа за надзорот;
- податоци за членовите на комисијата( име ,презиме, титула);
- место, време и траење на надзорот;
- податоци за ДВМ од членот 1. на овој правилник над кој се врши надзорот,вклучувајќи и податоци за внатрешната систематизација на организациајта во која ДВМ делуваат, истите ќе се внесат во записник и ќе бидат негов составен дел.
- приказ на утврдената состојба.

Записникот го потпишуваат членовите на комисијата за стручен надзор определени со овој правилник.Ако некој член од комисијата има некакви забелешки за записникот истите ќе се запишат во записникот и ќе станат негов составен дел.
По извршениот надзор,комисијата донесува мислење во рок од 15 дена ,а кое мислење ќе биде составен дел на записникот.
Мислењето од претходниот став се носи со мнозинство на гласови од членовите на комисијата за стручен надзор.
Одредбите на овој член на соодветен начин се применуваат и на записник за вонреден надзор.

## Завршеток на постапката

### Член 18.

Записникот за извршениот надзор по изработка на мислењето во рок од 15 дена се доставува до лицата кои се споменати при спроведување на надзорот.
Ако комисијата за стручен надзор востанови во текот на спроведување на надзорот дека се направени помали пропусти врз целите на надзорот или помали повреди на принципите на етика и деонтологија како и повреда на законските одредби ќе одредат рок кој не може да биде подолг од 3 месеци во кој рок ДВМ е должен да ги исправи пропустите.

Во случај комисијата за стручен надзор при спроведување на повторен надзор установи дека и понатаму се присутни истите пропуси или повреди на предметот на надзор,должна е да достави записник за спроведениот надзор до телата на Комората надлежни за спроведување на дисциплинската постапка во рок од ставот1 на овој член.

Во случај Комисијата да утврди тешки повреди на прописите за валидна лиценца, законските одредби и принципите на етика и деонтолошко работење во ветеринарното здравство должна е записникот за надзорот да го достави до телата на Комората надлежни за спроведување на дисциплинската постапка во рок предвиден во ставот 1 од овој член.

Доколку при контролата се утврдат пропусти во однос на спроведувањето на законските одредби, за тоа ќе биде известена Управата за ветеринарство.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Надзорот се финансира од средства предвидени во буџетот на Комората.

**Член 20**

Актите со кои поблиску се уредува спроведувањето на одредбите од овој правилник поблиску ги носи надлежното тело на Комората.

**Член 21**

Овој правилник стапува на сила по потпишување на правилникот од страна на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Директор на Управа за Ветеринарство**

**Г-дин.Дејан Рунтевски**

______________________________

**Претседател на Ветеринарна Комора на Р. Македонија**

**М-р.Стојан Тољков**

______________________________

**Одобрил**

**Министер за Земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Г-дин. Љупчо Димовски**

______________________________

**М.П**